***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 - 4352/2***
***04.05. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XIII-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 04.05.2007 година во 10.00 часот, во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член.*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии (делумно присутна)*

- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за секторот за спроведување на меѓународни конвенции (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, претседател на Комисија за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Герасим Тренчески, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Лидија Маркузанова, началник на одделение за човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Откако утврди дека на седницата присуствуваат сите членови на УО, го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XII седница на УО одржана на 19.03.2007 година;*

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-март 2007 година;*

2. *Донесување на Статут на ФЗОМ;*

3. *Оглас за 2 директори на ФЗОМ;*

4. *Утврдување на Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и анализа за економско-финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи за 2006 година.*

5. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година;*

6. *Правилник за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

7. *Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*

8. *Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*

9. *Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

10. Предлог-Одлука за утврдување на цени за дежурство, остварена приправност и породување во породилиштата на здравствените домови;

11. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година

12. Барање од "Филип II";

13. Скалести Маржи за аптеки;

14. Информација за трансформирани аптеки од 2005 година;

15. Аптеки, приватизација и последици врз ФЗОМ;

16. Приговори од аптеки;

17. Приговори од работни односи;

18. Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-декамври 2006 година (Материјал кој го имаат членовите на УО);
19. Измена на план за јавни набавки

20. Барања на дополнителани средства од здравствени установи;

21. Разно

- Заклучок за купување деловен простор во Делчево
- Заклучок за престанување на важење на договорот и несклучување на договор за лекари кои исполнуваат услови за пензионирање
- Предлог за формирање на одделение за јавни набавки
- Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала
- Одлука за отстапување на основни средства - акцелератор
- Одлука за отстапување на основни средства - ЈЗУ Општа болница Прилеп
- Одлука за отстапување на неповратни средства на Универзитетски клинички центар за набавка на хипербарна комора
- Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар
- Барање од Министерството за здравство за подмирување на дел од трошоците за транспорт на лекови и медицински материјал наменети за хуманитарна помош
- Барање согласност за наменски финансиски средства од Универзитетски клинички центар за докомплетирање на технолошкиот процес за производство на парентерални раствори
- Одлука за повторно спроведување постапка за распишување на меѓународен

*тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во примарната и болничката здравствена заштита*

- *Барање на средства за инерферони за третирање на болните од мултиплекс склероза*

*Страшо Наумоски побара да влезе во дневниот ред барањето на Лекарската комора на Македонија за исплата на надоместокот за извршени услуги во здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита и за третманот на партиципацијата како приход на Фондот. Претседателот Џемаили предложи барањето да се разгледува под точката разно што беше прифатено од членовите на Управниот одбор.*

*По ова, членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија следниот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-март 2007 година;*
2. *Донесување на Статут на ФЗОМ;*
3. *Оглас за 2 директори на ФЗОМ;*
4. *Утврдување на Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и анализа за економско-финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи за 2006 година.*
5. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година;*
6. *Правилник за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*
8. *Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
9. *Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Предлог-Одлука за утврдување на цени за дежурство, остварена приправност и породување во породилиштата на здравствените домови;*

11. *Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*

12. *Барање од "Филип II";*

13. *Скалести Маржи за аптеки;*

14. *Информација за трансформирани аптеки од 2005 година;*

15. *Аптеки, приватизација и последици врз ФЗОМ;*

16. *Приговори од аптеки;*

17. *Приговори од работни односи;*

18. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-декамври 2006 година (Материјал кој го имаат членовите на УО);*

19. *Измена на план за јавни набавки*

20. *Барања на дополнителани средства од здравствени установи*

21. *Разно*

- *Заклучок за купување деловен простор во Делчево*
- *Заклучок за престанување на важење на договорот и несклучување на договор за лекари кои исполнуваат услови за пензионирање*
- *Предлог за формирање на одделение за јавни набавки*
- *Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*
- *Одлука за отстапување на основни средства - акцелератор*
- *Одлука за отстапување на основни средства - ЈЗУ Општа болница Прилеп*
- *Одлука за отстапување на неповратни средства на Универзитетски клинички центар за набавка на хипербарна комора*
- *Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*
- *Барање од Министерството за здравство за подмирување на дел од трошоците за транспорт на лекови и медицински материјал наменети за хуманитарна помош*
- *Барање согласност за наменски финансиски средства од Универзитетски клинички центар за докомплетирање на технолошкиот процес за производство на парентерални раствори*
- *Одлука за повторно спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во примарната и болничката здравствена заштита*
- *Барање на средства за инерферони за третирање на болните од мултиплекс склероза*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од дванаесетата седница на УО, одржана на 19.03.2007 година*

*Членовите на Управниот одбор, едногласно и без забелешки го усвоија записникот од дванаесетата седница.*

***ТОЧКА 1 -*** *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-март 2007 година.*

*Со оглед на обемноста на усвоениот дневен ред и потребата на некои точки од дневниот ред да им се даде предимство во разгледувањето, Управниот одбор одлучи оваа точка да се одложи за следната седница.*

***ТОЧКА 2*** *- Донесување на Статут на ФЗОМ*

*Лазар Трајчев наведе дека предложениот текст на статутот ги вклучува измените во Законот за здравственото осигурување кои предвидуваат работоводниот орган на Фондот - директорот да се состои од две лица а се укинува функцијата заменик на директорот**.***

*Дискусијата по оваа точка ја започна Маријана Лончар Велкова која во поглед на одговорноста на директорот забележа дека според предложениот текст на статутот директорот за својата работа е одговорен пред Владата на Република Македонија а не и пред Управниот одбор. Во однос на утврдените надлежности на Управниот одбор меѓу кои е наведено и донесување на програма за инвестициони вложувања во здравството, смета дека вложувањата во здравството не треба да бидат во надлежност на Фондот. Доколку е веќе тоа така, ингеренциите во врска со вложувањата во здравството треба да бидат поделени со директорот.*

*Директорот објасни дека прашањето на одговорноста на директорот е на таков начин регулирано во Законот за здравственото осигурување каде е утврдено дека Владата го именува и разрешува директорот на Фондот. Наведе дека и тој смета дека фокусот на работењето на Фондот треба да се насочи кон купување услуги за осигурениците а не на вложувања во здравствени установи.*

*Трајче Леов потсети дека медицинските центри во Република Македонија се во тешка состојба поради што и Фондот има интерес да вложува во определена опрема која ќе овозможи обезбедување на квалитетни услуги за осигурениците на Фондот. Се разбира, вложувањата треба да бидат во важна опрема а не да претставуваат трошење за несуштински намени.*

*Во дискусијата се вклучи и Љубиша Каранфиловски кој рече дека ги поддржува размислувањата на Маријана Лончар, но кога е тоа веќе на ваков начин уредено со законот го прифаќа предложениот текст.*

*Борис Јосифовски смета дека утврдената надлежност во член 6 точка 7 од статутот каде е наведено дека Фондот ги утврдува цените на здравствените услуги од задолжителното здравствено осигурување, на кои министерот за*

*здравство дава согласност асоцира на административно уредување на област во која треба да владеат пазарни законитости.*

*Страшо Наумоски во врска со истата одредба од статутот објасни дека цените ги утврдува трилатералната комисија. Поради тоа смета дека треба и во текстот на статутот да се внесе дека цените се утврдуваат по договорите со трилатералната комисија.*

*Директорот Тренкоски во однос на забелешката за внесување на трилатералната комисија во текстот на статутот, наведе смета дека статутот на Фондот ја регулира работата на Фондот. Поради тоа и нема потреба да се регулират постапките и односите во кои Фондот е инволвиран врз основа на посебни прописи.*

*По оваа дискусија, Управниот одбор едногласно го усвои предложениот текст на статутот.*

***ТОЧКА 3*** *- Оглас за 2 директори на ФЗОМ;*

*Директорот Тренкоски извести дека со измените на Законот за здравственото осигурување е предвидено со Фондот да раководи работоводен орган - директор кој се состои од две лица. Поради тоа, Управниот одбор треба да распише конкурс за избор на две лица. Со Законот се отвора можност за директор на Фондот да биде именувано и странско физичко лице а предвидено е конкурсот да се објави и во меѓународно гласило. Затоа и текстот на конкурсот пред Управниот одбор е презентиран на македонски и на англиски јазик.*

*По кусата расправа во која се вклучија Љубиша Каранфиловски, Трајче Леов и Маријана Лончар Велкова, Управниот одбор едногласно донесе одлука* ***да се објави конкурс за именување на директор со предложениот текст****.*

***ТОЧКА 4*** *- Утврдување на Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и анализа за економско-финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи за 2006 година*

*По оваа точка во дискусијата земаа учество сите членови на Управниот одбор. Дискусијата на предлог на Љубиша Каранфиловски ја опфати и Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-декември 2006 година од точка 18.*

*Објаснување на Годишниот извештај даде Герасим Тренчевски по што членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и бараа дополнителни објаснувања за делови од извештајот.*

*Маријана Лончар Велкова забележа дека во однос на претходната година се намалени исплатите за ортопедски помагала. Според неа, се наметнува прашањето дали тоа е позитивна тенденција или значи дека осигурениците не успеваат да ги остварат законски загарантираните права. Во врска со тоа, го актуелизира предлогот, Фондот да се погрижи за подобро запознавање на осигурениците со нивните права и начинот како се остваруваат. Познавањето на правата е проблем кај остварувањето на речиси сите права од здравственото*

*осигурување, висината на учеството во цената на услугите, плаќањето на лековите, вградувањето на материјали при опертивни третмани и слично.*

*Овој предлог беше поддржан и од останатите членови на Управниот одбор и од директорот Тренкоски.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за усвојување на годишниот извештај,*** *и*

***Заклучок:*** *Се задолжува менаџментот на Фондот да превземе мерки за подобро запознавање на осигурениците со правата од здравственото осигурување и начинот на нивното остварување.*

***ТОЧКА 5****- Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година;*

*Герасим Тренчески образложувајќи ја Програмата објасни дека е потребно да се подобри градежниот стандард и опремата на подрачните служби. Стручната служба на Фондот врз основа на согледувањата на состојбата во предложената програма ги утврди приоритетите во подобрувањето на сосотојбата. Подрачната служба Делчево мора итно да ги напушти просториите што ги користи поради тоа што се наоѓаат во училишен двор во кој ќе започне изградба на спортска сала.*

*Заменикот на директорот Љатиф Аљиљи исто така го извести Управниот одбор за состојбата со просториите на Подрачната служба Делчево и објасни дека од претходно наведената причина треба да се купат нови простории.*

*Снежана Костадиноска Милошеска постави прашање дали можеби во Делчево постои објект во сопственост на Република Македонија кој би можел да ги задоволи потребите на подрачната служба. Исто така, постави прашање за предвидените средства на страна 7 од Програмата кои се однесуваат на набавка на мебел. Наведе дека согласно насоките на Владата не треба да се трошат средства за вакви намени.*

*Герасим Тренчески образложи дека токму заради насоките на Владата не е предвидена набавка на возила, иако и за тоа има потреба, но предвидената набавка на мебел е неопходна од причина што за некои вработени нема мебел на кој би работеле.*

*По ова образложение, Управниот одбор едногласно ја усвои*

***Програмата***
***за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година***

***ТОЧКА 6*** *- Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*По оваа точка, помошникот на директорот за финансии Ромела Поповиќ објасни дека предложеното дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот се однесува на воведување на работно место Ex ante финансиски контролор, и тоа координатор на Ex ante финансиски контролори во ФЗОМ Скопје и Ex ante финансиски контролори во повеќе подрачни служби. Обврската за воведување на вакви работни места е утврдена со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Согласно законот и Фондот е обврзан во утврдениот рок да воведе вакви работни места.*

*По ова објаснување Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

**ТОЧКА 7** - *Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги.*

*Заменик-директорот Љатиф Аљиљи објасни дека анализите на Фондот покажале дека е потребно цените за орална хирургија да се зголемат за 25 до 30%, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги***

*Под оваа точка беше разгледан и предлогот за зголемување на лимитот на стоматолозите специјалисти од 85.000,00 на 100.000,00 денари месечно.*

*Директорот Тренкоски објасни дека предлогот се однесува на околу 100 стоматолози и дека ова зголемување нема да значи големо финансиско оптоварување за Фондот.*

*Во дискусијата се вклучија Страшо Наумоски, Трајче Леов, Љубиша Каранфиловски и Маријана Лончар Велкова.*

*Љубиша Каранфиловски го поддржа предлогот за зголемување на лимитот на стоматолозите специјалисти, а Трајче Леов и Мирјана Лончар Велкова изразија стравување дека тоа би можело да предизвика и други групи на даватели на здравствени услуги да го побараат истото па Фондот да биде изложен на голем финансиски притисок.*

*Директорот Тренкоски ги убеди членовите на Управниот одбор дека тоа нема да се случи, и побара Управниот одбор да донесе ваква одлука.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок: Лимитот на стоматолозите специјалисти да се утврди на 100.000,00 денари месечно.***

.

**ТОЧКА 8** - *Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

*Лазар Трајчев образложи дека предложената измена на Правилникот со која се укинува член 20 претставува усогласување со измените на Законот за здравственото осигурување со кои беа воведени измени во постапката за користење на здравствени услуги во странство. Според новината во законот, со задолжителното здравствено осигурување не е опфатено лекувањето во странство, ако лекувањето е извршено без одобрение од Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство***

**ТОЧКА 9** - *Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*По оваа точка, Ромела Поповиќ објасни дека за помагалата за кои сега се предложени референтни цени досега такви цени не биле утврдени. Додаде дека референтните цени се формирани врз основа на цените кај најмалку три понудувачи за секое одделно помагало и дека во најскоро време на Управниот одбор ќе му бидат предложени референтни цени и за очни помагала.*

*По ова објаснување Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

**ТОЧКА 10** - *Предлог-Одлука за утврдување на цени за дежурство, остварена приправност и породување во породилиштата на здравствените домови*

*Потребата за донесување ја образложија директорот Тренкоски и Лазар Трајчев.*

*По објаснувањето, без дискусија Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на цени за дежурство, остварена приправност и породување во породилиштата на здравствените домови***

***ТОЧКА 11*** *- Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*

*Директорот Тренкоски побара Управниот одбор да ја симне од дневен ред оваа точка наведувајќи дека не е оправдано менувањето на буџетските плафони од причина што со тоа менаџерите на јавните здравствени установи не се стимулираат на рационално и ефикасно работење. Смета дека доколку се извршат измени на плафоните за некои јавни здравствени установи, Фондот ќе се најде под притисок и од останатите јавни здравствени установи за изменување на нивните плафони.*

*Љубиша Каранфиловски смета дека не постои опасност од таков ефект и дека јавните здравствени установи тешко можат да работат со утврдените плафони.*

*Трајче Леов предложи пред евентуалното утврдување на нови плафони, да се побара од директорите кои бараат зголемување на плафоните извештај за заштедите што ги оствариле во раководењето со својата установа.*

*По дискусијата, Управниот одбор одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред а пред повторно ставање на дневен ред да се утврдат приоритетите за зголемување на буџетските плафони и директорите на јавните здравствени установи да дадат извештај за остварените заштеди.*

***ТОЧКА 12*** *- Барање од "Филип Втори";*

*Одборот го разгледа известувањето од Специјалната болница за кардиохирургија "Филип Втори" бр. 05-469/1. Со него Фондот се известува за надминувањето на кварталниот буџет и се бара прецизен став по ова прашање.*

*Како одговор на барањето, Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за начинот на фактурирање на здравствени услуги утврдени со Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во областа на кардиохирургијата на осигурени лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 13*** *- Скалести Маржи за аптеки*

*Управниот одбор одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 14*** *- Информација за трансформирани аптеки од 2005 година*

*Ромела Поповиќ го извести Управниот одбор дека во информацијата станува збор за шест аптеки: Ангелика - Струга, Срна - Струга, Градска аптека - Струга, Примафарм - Прилеп, Фармафорте - Прилеп и Легофарм - Струмица. Овие шест аптеки беа во состав на јавните здравствени установи а во месец мај 2005 година започна нивната трансформација. Бидејќи Министерството за здравство доцнеше со издавање на решенија за работа на аптеките, се доцнеше и со склучување на договорите на трансформираните аптеки со Фондот. При трансформирањето, аптеките ги наследија и залихите на лекови со кои располагаа како аптеки во состав на јавните здравствени установи. Заради континуирано снабдување на осигурениците со лекови од листата лекови на товар на Фондот, аптеките започнаа со работа и без договор со Фондот и без дефинирана квота па требуваа лекови од оваа листа во висина на износот кој важеше за јавната здравствена установа. Подоцна секоја од овие аптеки склучи договор со Фондот во кој беше одреден месечниот износ до кој може да фактурира лекови на рецепт. По склучувањето на договорите настана проблем особено кај оние аптеки кои затекнале поголема залиха на лекови и кај оние кои требувале повисок износ на лекови од износот кој подоцна беше утврден со новиот договор. Затоа на овие аптеки им е испратен допис за вклопување во дефинираните плафони.*

*По објаснувањето, Управниот одбор ја прифати информацијата и донесе Заклучок дека не постои правен основ за плаќање на средствата од надминатите квоти.*

***ТОЧКА 15*** *- Аптеки, приватизација и последици врз ФЗОМ*

*Директорот Тренкоски извести дека ситуацијата во врска со приватизацијата на аптеките е многу сериозна и дека многу аптеки се приватизирани без никаква контрола. Оттаму, многу аптеки имаат неизмирени обврски кон Фондот чија висина е тешко да се утврди. За надминување на ваквата состојба побара Управниот одбор да донесе одлука 1. Фондот да ги тужи аптеките кои спрема него имаат неизмирени долгови, 2. Да се ангажираат адвокати и вешти лица кои ќе ги утврдат побарувањата на Фондот, 3. Да се побара одговорност од лицата одговорни за ваквата сосотојба, 4. Да се платат неспорните обврски на Фондот за да не се зголемуваат по основ на камати.*

*Во дискусијата се вклучи Борис Јосифовски кој праша чија обврска било да ја контролира состојбата и Маријана Лончар Велкова која предложи Фондот да ангажира ревизорска куќа која прецизно ќе ги утврди сосотојбите. Трајче Леов предложи Управниот одбор да донесе одлука како што побара директорот а потоа Фондот да ги превземе сите потребни мерки согласно законите за што повратно ќе го извести Управниот одбор.*

*Потоа Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

1. *Фондот да ги тужи аптеките кои спрема него имаат неизмирени долгови,*
2. *Да се ангажираат адвокати и вешти лица кои ќе ги утврдат побарувањата на Фондот,*

3. *Да се побара одговорност од лицата одговорни за ваквата сосотојба,*
4. *Да се платат неспорните обврски на Фондот за да не се зголемуваат по основ на камати*

***ТОЧКА 16*** *- Приговори од аптеки*

*По оваа точка од дневниот ред информација за поднесените приговори даде Маја Чемерикиќ. Таа наведе дека Фондот има склучено договор со вкупно 500 аптеки кои ги исполниле бараните услови и дека сите аптеки чии понуди се одбиени не исполниле некој од бараните услови во рокот кога можеле да се доставуваат понудите.*

*Дополни дека Фондот направи распоред на квотите за аптеките по подрачни служби врз основа на бројот на населението на територијата на подрачната служба. Во тие рамки, квотите по аптеки се поделени на сите аптеки кои ги исполнија условите за склучување на договор со Фондот а висината на квотата е определена врз основа на претходно објавените критериуми.*

*По ова Управниот одбор донесе*

***Заклучок*** *со кој се одобрува распоредот на квотите по подрачни служби и аптеки изготвен од стручната служба на Фондот.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали доколку приговорот од некоја аптека биде уважен со неа ќе се склучи договор или планираниот број на аптеки е веќе пополнет.*

*Директорот Тренкоски објасни дека за секоја подрачна служба на Фондот е утврдена квота во чии рамки се врши поделба на средствата помеѓу аптеките од подрачјето на таа подрачна служба кои склучиле договор со Фондот.*

*Трајче Леов праша дали тоа значи дека Фондот склучил договор со сите аптеки кои ги исполниле условите, на што од директорот доби потврден одговор. На прашањето дали ќе се склучи договор со аптеките кои дополнително ќе ги исполнат условите, директорот одговори дека тоа не може да се направи за оваа година бидејќи рокот за доставување понуди од аптеките за 2007 година е истечен. Додаде и дека можноста за поднесување приговор од аптеките со кои не е склучен договор е внесена во договорот по барање на министерството и не произлегува од законите туку претставува еден вид гаранција дека понудата на секоја аптека ќе биде сериозно и темелно разгледана.*

*Љубиша Каранфиловски и Маријана Лончар Велкова се вклучија наведувајќи дека со внесувањето на можноста за приговор Фондот е обврзан да решава по приговорите и за тоа да ги извести подносителите.*

*На ова објаснување даде помошникот на директорот за правни работи Лазар Трајчев. Тој наведе дека тука не се работи за управна постапка во која Управниот одбор решава во втор степен по приговорите, туку се работи за понуди за склучување на облигационен однос доставени од аптеките кои се*

*разгледуваат од Фондот и се прифаќаат понудите на аптеките што ги исполнуваат предвидените услови. Се разбира дека подносителите на приговорите ќе бидат известени за одлуката на управниот одбор по информацијата за поднесените приговори.*

*По оваа дискусија Управниот одбор со шест гласа за и еден глас против (Љубиша Каранфиловски) ја прифати информацијата од стручната служба на Фондот. Истовремено заклучи дека во случај Фондот да биде тужен од подносителите на приговорите и од судот биде задолжен да исплати надомест на штета, да се побара одговорност од стручните служби на Фондот.*

***ТОЧКА 17*** *- Приговори од работни односи*

*Началникот за човечки ресурси во Фондот Лидија Маркузанова даде објаснување во врска со жалбата и приговорите кои се разгледуваа под оваа точка на дневниот ред.*

*А. Жалба на решение на директорот на Фондот со кое на Елизабета Леитнер и престанува работниот однос;*

*Лидија Маркузанова објасни дека решението за престанување на работниот однос е донесено по поднесена пријава од Подрачната служба Скопје поради отсуство од работа. По пријавата е поведена дисциплинска постапка во која е утврдено дека усмено ого известила раководителот дека ќе отсуствува од работа. Меѓутоа, од раководителот не добила дозвола за користење на одморот. Во подрачната служба усмено изјавила дека отсуството и е одобрено од директорот.*

*На ова директорот изјави дека нема одобрено нејзино отсуство заради одмор или службено патување и дека неа морало да и биде познато дека на службено патување може да оди само со добиено решение.*

*Љубиша Каранфиловски посочи дека во дисциплинска постапка може да се изрече и поблага мерка, на пример парична казна, во што се придружи и Маријана Лончар Велкова која додаде дека Леитнер досега не ја прекршила дисциплината на работа.*

*Директорот Тренкоски ги увери членовите на Управниот одбор дека оваа работничка и досега имала пропусти во работењето кои меѓутоа не биле санкционирани. Нејзината работа и досега била штетна за Фондот а сега и самоволно го напуштила работното место и посетувала работилница во организација на Светската банка во Будимпешта.*

*Б. Приговор од Брсакоски Благоја против наредбата на директорот бр. 04-407/1 од 12.04.2007за извршување на работните задачи во Подрачна служба Битола;*

*В. Приговор од Десоска Марија против наредбата на директорот бр. 04-4072/1 од 13.04.2007 за извршување на работните задачи во Подрачна служба Крушево;*

*Приговорите на Брсакоски и Десоска Управниот одбор заеднички ги разгледа. Лидија Маркузанова наведе дека овие двајца работници кои се вработени во Подрачната служба Прилеп се распоредени на работа во Битола, односно Крушево заради задоволување на потребите на работниот процес, бидејќи таков профил на работници во односните подрачни служби немало. Распоредувањето со наредба е начин без вработување на нови работници да се обезбеди редовно одвивање на работите во подрачните служби.*

*Страшо Наумоски смета дека се работи за добри работници на чија работа досега немало забелешки, на што доби одговор од Слаѓана Пешевска дека фактот што се распоредени во други подрачни служби не значи дека Фондот не е задоволен од нивната работа. При распоредувањето е водено сметка за потребите на работниот процес а се уважени и мислењата на раководителите на подрачните служби во Прилеп, Битола и Крушево за тоа кои и со какви квалитети работници им се потребни во нивната подрачна служба.*

*Г. Приговор на Катерина Ивановска против налогот за отстранување од работа бр. 04-4123/2 од 13.04.2007*

*Лидија Маркузанова извести дека Катерина Ивановска е суспендирана од работа а додека трае дисциплинската постапка против неа прима плата во полн износ.*

***По ова излагање Управниот одбор ги прифати информациите од стручната служба на Фондот во врска со жалбата и приговорите од работните односи.***

***ТОЧКА 18** - Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-декамври 2006 година (Материјал кој го имаат членовите на УО);*

*Анализата беше разгледана заедно со Годишниот извештај од точка 4 при што Управниот одбор едногласно ја усвои Анализата.*

***ТОЧКА 19** - Измена на план за јавни набавки*

*По оваа точка објаснување даде претседателот на комисијата за јавни набавки на Фондот Златко Алексов. Тој укажа на сите позиции од планот за јавни набавки на кои се однесуваат измените и се содржани во текстот на предлог-одлуката.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 20** - Барања на дополнителни средства од здравствени установи*

*Оваа точка од дневниот ред беше разгледувана заедно со точка 11.*

***ТОЧКА 21*** *- Разно*

*А. Заклучок за купување деловен простор во Делчево*
*Б. Заклучок за престанување на важење на договорот и несклучување на договор за лекари кои исполнуваат услови за пензионирање*
*В. Предлог за формирање на одделение за јавни набавки*
*Г. Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*
*Д. Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*
*Ѓ. Одлука за отстапување на основни средства - акцелератор*
*Е. Одлука за отстапување на основни средства - ЈЗУ Општа болница Прилеп*
*Ж. Одлука за отстапување на неповратни средства на Универзитетски клинички центар за набавка на хипербарна комора*
*З. Барање од Министерството за здравство за подмирување на дел од трошоците за транспорт на лекови и медицински материјал наменети за хуманитарна помош*
*Ѕ. Барање согласност за наменски финансиски средства од Универзитетски клинички центар за докомплетирање на технолошкиот процес за производство на парентерални раствори*
*И. Одлука за повторно спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во примарната и болничката здравствена заштита*
*Ј. Барање на средства за инерферони за третирање на болните од мултиплекс склероза*
*К. Просторија за Управниот одбор*
*Л. Барање од Лекарската комора на Македонија*

*А. Заклучок за купување деловен простор во Делчево*

*Оваа точка беше разгледувана во врска со точка 5 - Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година каде беше утврдена потребата за купување на деловен простор за сместување на просториите на Подрачната служба Делчево. Поради тоа, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за купување на деловен простор**

*Б. Заклучок за престанување на важење на договорот и несклучување на договор за лекари кои исполнуваат услови за пензионирање*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *да не се склучуваат договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање.*

*В. Предлог за формирање на одделение за јавни набавки*

*Управниот одбор го разгледа предлогот за формирање на Одделение за јавни набавки за што се укажа потреба со зголемениот обем на работа на Комисијата за јавни набавки. За овозможување на ефикасно работење на Комисијата потребно е да се формира одделение за јавни набавки. Предлогот беше едногласно поддржан и се донесе заклучок стручните служби на Фондот да ги изготват потребните правни акти за формирање на одделението по што да бидат ставени на дневниот ред на Управниот одбор.*

*Г. Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*Д. Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***ПРАВИЛНИК***
***за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар***

*Ѓ. Одлука за отстапување на основни средства - акцелератор*

*Со цел основните средства кои се водат како инвестиции во тек - градежен објект и опрема да се отстапат на Универзитетскиот клинички центар Скопје, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
***на Универзитетскиот клинички центар Скопје***

*Е. Одлука за отстапување на основни средства - ЈЗУ Општа болница Прилеп*

*Заради отстапување на основните средства кои се водат како инвестиции во тек - градежен објект и опрема на ЈЗУ Општа болница Прилеп, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
***на ЈЗУ Општа болница Прилеп***

*Ж. Одлука за отстапување на неповратни средства на Универзитетски клинички центар за набавка на хипербарна комора.*

*Со цел за неповратно отстапување на 4.997.899,00 денари за набавка на хипербарна комора на Универзитетскиот клинички центар Скопје Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за отстапување на неповратни средства на Универзитетски клинички центар за набавка на хипербарна комора***

*З. Барање од Министерството за здравство за подмирување на дел од трошоците за транспорт на лекови и медицински материјал наменети за хуманитарна помош.*

*Управниот одбор го разгледа барањето од Министерството за здравство, Фондот да учествува во подмирувањето на дел од трошоците за транспорт на пратките со лекови и медицински потрошен материјал од хуманитарната помош од проектот ХОУП. По дискусијата во која се вклучија Маријана Лончар Велкова и Маја Чемерикиќ, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за одобрување средства***
***во висина од 15.000,00 американски долари***

*Покрај тоа, Управниот одбор донесе и заклучок со вклучување на претставници од Министерството за здравство и Фондот да се формира комисија која ќе ја провери усклađеноста на спецификацијата со доставената пратка при приемот на царина. Службите на Министерството за здравство потоа да ги известат педијатрите за предметот на донацијата.*

*Ѕ. Барање согласност за наменски финансиски средства од Универзитетски клинички центар за докомплетирање на технолошкиот процес за производство на парентерални раствори*

*До Управниот одбор од Универзитетскиот клинички центар Скопје беше доставено барање за одобрување на наменски средства во висина од 400.000,00 евра за докомплетирање на технолошкиот процес за производство на парентерални раствори. Приложен кон барањето е доставен и Елаборат.*

*Герасим Тренчески извести дека, доколку Управниот одбор одлучи да одобри средства за оваа намена, потребно е да се изврши измена во Програмата за инвестициони вложувања на јавните здравствени установи за 2007 година*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на***
***Програмата за инвестициони вложувања на јавните здравствени установи за 2007 година***

*со која за таа намена се одобрени средства во висина од 8.504.000,00 денари.*

*Покрај тоа, Управниот одбор заклучи, доколку се донесе ребаланс на буџетот да се разгледа можноста за одобрување на дополнителни средства.*

*И. Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за повторно спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во примарната и болничката здравствена заштита***

*Ј. Барање на средства за инерферони за третирање на болните од мултиплекс склероза*

*Маја Чемерикиќ објасни пред Управниот одбор дека во Македонија има 234 регистрирани болни од мултиплекс склероза и дека за таа болест не постои ефикасен лек и се третира само заради забавување на нејзиното напредување. За таа намена и се користат инерфероните.*

*Герасим Тренчески извести дека, доколку Управниот одбор одлучи да одобри средства за оваа намена, потребно е да се изврши измена на Одлуката за утвдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година.*

*Потоа Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи***

*со која го зголеми буџетот на ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар Скопје од 3.162.998.000,00 денари на 3.172.998.000,00 денари, што претставува зголемување на буџетскиот плафон за 10.000.000,00 денари, односно 833.333,00 денари на месечно ниво.*

*К. Маријана Лончар Велкова ја истакна потребата, на Управниот одбор да му се обезбеди посебна просторија во зградата на Фондот во која членовите ќе ја*

*имаат на увид архивата на Управниот одбор и сите прописи од областа на здравственото осигурување. Во таа просторија ќе може да се одржуваат и средби со осигурениците, давателите на здравствени услуги и со други субјекти кои тоа го бараат. Според нејзиното искуство како претставник на Организацијата на потрошувачите, корисниците на здравствени услуги често бараат средби за да ги искажат своите потреби но во сегашните услови тоа е тешко изводливо.*

*Останатите членови на Управниот одбор ја поддржаа Маријана Лончар Велкова, по што едногласно беше донесен*

***Заклучок:*** *Во зградата на Фондот да се обезбеди просторија во која на членовите на Управниот одмор ќе им биде ставена на располагање архивата на Управниот одбор и сите прописи од областа на здравственото осигурување и ќе им се создатат услови за средби со осигуреници и други субјекти кои тоа го бараат.*

*Л. Барање од Лекарската комора на Македонија кое се однесува на исплата на надоместок за извршени услуги во здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита и третманот на партиципацијата како приход на Фондот*

*Страшо Наумоски истакна дека барањето е од ист вид со предлогот што се однесува на стоматолозите специјалисти разгледуван под точка 7. Поради тоа, побара да добие еднаков третман со што и другите лекари ќе бидат во иста позиција како стоматолозите.*

*Директорот Тренкоски предложи за барањето да се расправа откако ќе биде разгледувано на трилатералната комисија.*

*Управниот одбор го прифати предлогот и едногласно одлучи барањето да биде разгледано откако ќе го разгледа трилатералната комисија. Потоа, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***
*Претседателот на Управниот одбор и директорот на Фондот да се заложат барањето на Лекарската комора да се разгледа на трилатералната комисија.*

*Управниот одбор заврши со работа во 17.15 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***